


RENOVA®

*Innovation & Performance*

# RENOFIX 220

## ЛЕСЕН МАЛТЕР СО ПЕРЛИТ ЗА ОБРАБОТКА НА ВНАТРЕШНИ ПОВРШИНИ

Придржувајте се до техничкото упатство

### ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

**Renofix 220** е лесен малтер со перлит врз гипсена база наменет за израмнување на внатрешни ѕидови и плафони. Се употребува како основен материјал за глетување врз сите подлоги како што се тула, шуплива тула, бетонски блокови и рапав бетон. Не е наменет за употреба на влажни површини.

### СОСТАВ

- Одбрани гипсови
- Вар
- Додатоци кои ја подобруваат обработката
- Органски додатоци < 5%
- Лесен минерален додаток (перлит)

### ОСОБИНИ

- Добра способност за глетување
- Мазна, мат површина
- Добро врзување
- Не е потребно површината да се бруси

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата треба да биде сува, исчистена од прашина, отпадоци и маснотии (уље од оплата). Влагата мора да биде под 2,5% од масата (според ЦМ мерењето). Испитувањето на подлогата се врши според ЕН нормите. Упатствата за обработка одговараат за ѕидови кои се направено според одредени норми кои подразбираат затворени пукнатини. Пукнатините, доколку ги има, потребно е претходно да се затворат (армираат) со истиот материјал од кој е направена подлогата. Мазните бетонски површини претходно се премачкуваат со врзивен мост (бетон контакт).

### ПОДГОТОВКА НА МАЛТЕРОТ

При рачна подготовка, една вреќа Renofix 220 се меша со 10-11 литри чиста вода со рачен миксер додека се добие хомогена смеса без грутки. Машински се подготвува со машина за малтер Skure-Tech S-4.

### ОБРАБОТКА И УСЛОВИ НА ОБРАБОТКА




Рачно подготвената смеса се нанесува со глетарица и се глетува. Машински подготвената смеса се шприца под притисок со машината за малтер Skure-Tech S-4. Потоа се развлекува со алуминиумски израмнувач, се израмнува и со глетарица се глетува.

# RENOFIX 220

RENOVA®

Innovation & Performance

N PUTZ

**ОБРАБОТКА И УСЛОВИ НА ОБРАБОТКА**

За време на врзувањето потребно е да се обезбедат добри услови за сушење и стврднување. Малтерите кои содржат гипс по правило се нанесуваат во еден слој. Бојадисувањето и поставувањето на тапети може да се направи откако малтерот ќе биде потполно сув. Не смее да се употребува на температури пониски од 5°C. Не смее да се меша со други материјали.

**ВАЖНО!**

За детални безбедносни упатства, консултирајте ги посебните безбедносни листови. Пред употреба, задолжително прочитајте го безбедносниот лист.

**ИСПОРАКА**

**Renofix 220** се испорачува во книжни вреќи од 25 кг. заштитени од влага.

**СКЛАДИРАЊЕ**

Да се чува на суво место (ако е можно на дрвени палети). Рок на траење: најмалку 3 месеци според Регулатива 1907/2006 / ЕУ, прилог XVII на 20°C, 65% р.в.в.

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Број на производот | 5319990620187 |
| Шифра на производот | 1220 |
| Вреќи на палета | 42 |
| Един. количина | 25 kg / вреќа |
| Гранулација | 0,6 mm |
| Потребна количина на вода | 10-11 л./вреќа |
| Потрошувачка | ca 7-8 kg/m²/cm |
| Минимална дебелина на слојот | 0,8-10 mm |
| Напомена | Вредностите на потрошувачката се апроксимативни и многу зависат од подлогата и техниката на вградувањето. |
| Густина на материјалот ако е сув (EN 1015-10) | ca 1200 kg/m³ |
| Топлинска спроводливост (EN 1745:2002) | ca 0,43 W/mK |
| pH вредност | ca 12 |
| Цврстина на свиткување 28 дена (EN 1015-11) | ca 1.4 N/mm² |
| Цврстина на притисок 28 дена (EN 1015-11) | ca 2.4 N/mm² |
| Однесување при горење | A 1 |
| MG (EN 13279): | B4 / T3 / S2 |
| MG (EN 998-1): | LW CSII W0 |

Сите претходни податоци за материјалот престануваат да важат по издавањето на горенаведената листа. Овие податоци произлегуваат од резултатите на нашите испитувања. Од овие податоци не може да произлезе правна обврска. Производите на РЕНОВА, како и сите суровини кои се вклучени во нив, се предмет на континуирани тестови за да се обезбеди постојано и исто ниво на квалитет. Нашите технички советници Ви стојат на располагање во врска со примената, обработката како и презентацијата на производот. Нашите тековни информации можете да ги најдете на www.renova.com.mk како "PDF" документ или да ги побарате во продавниците.

РЕНОВА МАКЕДОНИЈА
Цепчиште / Тетово
Тел: +389 44 487 300
Факс: +389 44 487 200
info@renova.com.mk

РЕНОВА АЛБАНИЈА
Воре / Тирана
Тел: +355 48 301 909
Факс: +355 48 301 908
tirana@renova.com.mk

РЕНОВА КОСОВО
Гуреза / Урошевац
Тел: +381 290 310 222
Факс: +381 290 310 444
ferizaj@renova.com.mk

COMPANY CERTIFIED BY
BSI REGISTERED · UKAS QUALITY MANAGEMENT 003 · Quality Certified Company ISO 9001:2000 RENOVA
EN ISO 9001
Certificate No: FM 503328